С Т Р А Т Е Г И Ј А

ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2023 ГОДИНА СО АКЦИСКИ ПЛАН

Скопје, Мај 2021

СОДРЖИНА

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

ВОВЕД

1. СТЕПЕН НА ИМПЛЕМЕНТИРАНОСТ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2020 ГОДИНА

2. ВООЧЕНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И МЕРКА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ИЛИ ИМОТНА КОРИСТ

3. ПРЕЗЕМЕНИ ЧЕКОРИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИСТРАГИ

3.1. Заеднички насоки за финансиските истраги во Република Северна Македонија

3.2. Предуслови за ефективни финансиски истраги

3.3. Користење на Платформата за интероперабилност

3.4. Спроведени обуки за финансиски истраги во АСЈО

4. ПОДАТОЦИ ЗА СПРОВЕДЕНИ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ, ИЗРЕЧЕНИ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ

4.1. Спроведени финансиски истраги во МВР

4.2. Спроведени финансиски истраги во ЈУ

4.3. Податоци за привремени мерки во кривични предмети во Основниот кривичен суд Скопје

4.4. Изречени мерки конфискација на имот и имотна корист

5. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2023

6. ПРИНЦИПИ НА СТРАТЕГИЈАТА

7. ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

7.1. Долгорочна цел

7.2. Основни цели на Стратегијата

I. Институционално и кадровско зајакнување на капацитетите на органите надлежни за водење на финансиски истраги

II. Меѓуересорска соработка и статистика

III. Ефективна Канцеларија за поврат на имот (АРО Канцеларија)

IV. Зајакнување и поголема ефективност на Агенцијата за управување со одземен имот

V. Интегриран и интердисциплинарен систем на обуки и градење компетенции

VI. Интероперабилност

8. МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2023 ГОДИНА

АНЕКСИ

АНЕКС 1 - ПОЈМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ

АНЕКС 2 - МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

АНЕКС 3 - ДОМАШНА ЗАКОНСКА РАМКА

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот ги дефинира мерките кои ќе се превземат во периодот од 2021 до 2023 година и истата ги надоградува активностите на претходната Стратегија која се применуваше во периодот 2018-2020 година. Основна заложба е наведената стратегија да придонесе за зајакнување на капацитетите на националните институции како и на нивната координација во следењето на протокот на пари, како и откривање на можно прикривање и пренесување на нелегално стекнат имот. Како дел од активностите утврдени во "Планот за борба против корупција" се очекува нејзината имплементација да придонесе кривичните истраги да резултираат со конфискација на имот и имотна корист, со што ќе се зајакне ефикасноста во борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Истовремено, како дел од „Агенда Европа Дома", оваа стратегија го подржува патот на европеизација на Република Северна Македонија и вградувањето на европските вредности во нашето општество. Успешноста на овој процес има можност да влијае врз зголемување на довербата на јавноста во Владата и нејзините институции, како и пренесување на пораката дека криминалот не е исплатлив со негово сузбивање преку ефективна идентификација, финансиски истраги и конфискација на незаконски стекнат имот или имотна корист.

Согледувајќи го значењето на предвидените мерки, стратегија ја препознава клучната улога на Националната комисија за следење на имплементацијата на стратегијата и акцискиот план која треба да биде гарант за целосно и навремено исполнување на утврдените активности.

Оваа Стратегија беше разработена во текот на неколку месеци на серија состаноци со експертска работна група со која претседаваше г-ѓа Светлана Влаховиќ - Димановска составена од претставници од ЈОРСМ, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ, МП, МИОА, АСЈО, Основен кривичен суд Скопје и Судскиот Совет. Со работната група работеше и тим национални и меѓународни експерти со поддршка од Глобалната програма за нелегални финансиски текови при ГИЗ.

ВОВЕД

Изработката на Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 година со Акционен план за нејзино спроведување (во понатамошниот текст:Стратегијата), е дел од активностите предвидени во „Планот за борба против корупцијата“ усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија кој има за цел да ги зајакне функционалноста на институциите во борбата против корупцијата, преку воспоставување на јасни механизми за соработка и градење на општество ослободено од корупција. Потребата од донесување на наведениот стратешки документ е нотирана и во документот „Агенда Европа дома“ усвоен од Владата на Република Северна Македонија.[1] кој претставуваа хоризонтален документ - алатка за насочување на ресурсите кон клучните реформи и очекуваните резултати кои се неопходни за позитивна конотација во извештаите на Европската комисија. Овој документ содржи фокусиран и сеопфатен пристап во следење на напредокот во клучните области во коишто спаѓа и борбата против организираниот криминал и корупција.[1]

Потребата од донесувањето на Стратегијата се наметнува како неопходност од две причини:

- континуитет во имплементација на активностите во Стратегијата за периодот 2018-2020 година и
- натамошно унапредување на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот.

1. СТЕПЕН НА ИМПЛЕМЕНТИРАНОСТ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2020 ГОДИНА

Активностите за зајакнување на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот започнаа со Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот со Акционен план за нејзино спроведување за периодот 2018-2020 година (во понатамошниот текст: Стратегијата 2018-2020), усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија во јануари 2018 година.

Основните цели на овој стратешки документ беа насочени кон обезбедување на ефикасност на органите за спроведување на финансисики истраги, зајакната меѓуресорска соработка, зајакнување и усогласување на правната рамка, зајакнување на капацитетите по пат на обуки, како и заштита на човековите права. Предвидените активности за нејзина имплементација имаа за цел да придонесат за надминување на проблемите во правната и институционалната рамка во однос на спроведување на финансиските истраги. Во овој контекст потребно е да се изнесат согледувањата дека е доцна финансиската истрага да се спроведува откако кривичната пријава е веќе

[1] Планот за борба против корупција е достапен на следниов линк: https://vlada.mk/sites/default/ files/img/plan_za_borba_protiv_korupcija_mk_al_akcija_21.pdf

поднесена односно значително по започнување на постапката, како и дека постојат ризици криминалните приноси да се прикријат и изнесат надвор од државата. Истовремено била констатирана потреба од поголема проактивност на институциите вклучени во финансиските истраги како предуслов за почесто и поуспешно имплементирање на одредбите во однос на мерката конфискација на имот, а во случаите каде што оваа мерка била изречена било согледано дека е потребно допрецизирање на судските одлуки со цел да се овозможи нивно навремено и ефективно извршување. Потребата од зајакнување на институциите задолжени за финансиски истраги со професионален и стручен кадар, вклучително и сертифицирани финансиски форензичари, како и потребата за поголема меѓусекторска соработка и координација во водењето на финансиските истраги е една од основите на кои се темели наведената стратегија.

На седницата на Владата на Република Северна Македонија одржана на 03.07.2018 година, беше донесена Одлука за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата 2018–2020.[2] Согласно наведената Одлука, Комисијата била задожена за следење на имплементацијата на Стратегијата 2018-2020, следење на резултатите од спроведувањето на мерката конфискација на имот, анализирање на проблемите, како и координирање на активностите за реализација на мерките. Во составот на Националната комисија било предвидено да има претставници од МВР, ЦУ, УФП, УФР, МП, ЈОРМ, Основен суд Скопје 1 Скопје и АУОИ. Наведената Одлука не била операционализирана со решение за персонален состав на Националната комисија.

Стратегијата 2018-2020 година, како стратешки документ ги рангирал приоритетите и ги дефинирал активностите за унапредување на капацитетите за водење на финансиски истраги и системот за конфискација на имот во Република Северна Македонија. Притоа, биле идентификувани поголем број мерки, систематизирани во пет (5) стратешки цели или столбови, и тоа: I. Ефикасни органи за спроведување на финансиски истраги; II. Зајакната и ефикасна меѓуресорска соработка; III. Зајакнување и усогласување на правната рамка; IV. Зајакнување на капацитетите по пат на обуки и V. Заштита на човековите права.

Оценката на степенот на имплементираност на Стратегијата 2018-2020 година води кон генерален заклучок дека постои потреба од продолжување на напорите за реализација на дел од проектираните стратешки цели, што јасно произлегува од анализата на одделните активности во рамки на секоја од петте стратешки цели.

Во рамките на првата стратешка цел, во органите што спаѓаат во правосудната полиција (МВР, УФП, ЦУ) во 2019 година беа формирани посебни единици за водење на финансиски истраги, но постои потреба истите да се зајакнат во кадровска и во институционална смисла. Единствено во МВР во 2013 години бил донесен СОП за водење на финансиски истраги, којшто сега е во фаза на ревидирање. Стандардните оперативни процедури се започнати со изработка во УФП, ЦУ, но не и во ЈОРСМ. Од причина што овие единици стануваат оперативни во март 2020 година, не е формирана

[2] Објавена во Службен весник на РСМ, бр. 127/2018.

Единицата за финансиски истраги во истражните центри на јавното обвинителство. Како особен придонес треба да се нагласи воспоставувањето на АРО канцеларијата за поврат на имот во рамките на јавното обвинителство со посебна одлука на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, како и активностите за изработка на нацрт-Законот за АРО Канцеларијата.

Во однос на втората стратешка цел, останува потребата за воспоставување ефикасен систем за размена на податоци, брз и електронски (директен) пристап до базите на податоци кој што ќе овозможи добивање податоци потребни за утврдување на имотот и носителот на правото на сопственост. Воспоставување воедначена статистика заснована врз воедначена методологија за евидентирање на постапки за финансиски истраги *(Track record)* останува предизвик за сите релевантни институции.

Во рамките на третата стратешка цел, направена е анализа на потребата од измена на Законот за управување со конфискуван имот. Измените на законот се изготвени, но објективните причини со пандемијата и неможноста од состанување на УО на АУОИ придонеле за одолговлекување на финализирање на овој процес. Другите предвидени активности во рамки на оваа стратешка цел, односно измените во ЗКП во насока на зајакнување на ефикасноста во примената на одредбите за изрекување на привремени мерки за обезбедување и конфискација на имот, како и соодветна заштита на уставно загарантираното право на сопственост, остануваат како релеватни активности на коишто треба да се фокусира новиот стратешки документ.

Активностите во однос на спроведувањето обуки, во рамките на четвртата стратешка цел, се исполнуваат во континуитет. Во изминатиот период обуките беа организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, од страна на домашни и меѓународни организации, како и во Центарот за обука во рамките на МВР.

Во рамките на петтата стратешка цел, се воочува усогласеност на правната рамка со европските и меѓународни принципи и со јуриспруденцијата на ЕСЧП, но потребно е да се преземат чекори што ќе овозможат натамошно зајакнување на капацитетите на адвокатите за да може соодветно да придонесат за остварување на правата на поединци засегнати од одлуките на судот со кои се задира во уставно загарантираното право на сопственост.

2. ВООЧЕНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И МЕРКА КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ИЛИ ИМОТНА КОРИСТ

Изготвената Процена на правната рамка за одземање на имот во Република Северна Македонија[3] упатува на заклучок дека постои честа промена на законите што има свое

[3] Лажетиќ, проф. д-р Гордана/Педро Гомез Переира, Процена на правната рамка за одземање на имот во Република Северна Македонија, Глобална програма на ГИЗ за борба против незаконски финансиски текови, декември 2020.

влијание врз правната сигурност и се оневозможува фокусот да биде насочен врз имплементација на пропишаните законски решенија. За поголема ефикасност на целиот систем важни аспекти се обезбедувањето соодветни човечки ресурси, материјално – техничка поддршка на новоформираните тела и органи, како и подобрена меѓуинституционална соработка и и координација.

Привремени мерки за обезбедување и конфискација на имот и имотна корист. Мерката конфискација на имот и имотна корист е воведена во казненото законодавство во 2004 година, а целиот систем на одредби во однос на конфискацијата беше детално надграден и прецизиран во 2009 година. Прифатениот принцип на проширена конфискација е во согласност со основната цел поради која постои оваа мерка. Конфискувањето на посредната имотна корист претставува усогласување со Варшавската конвенција. Јасно е пропишан и режимот на конфискација на непосредната и посредната имотна корист од трети лица. Меѓутоа, за понатамошно унапредување на функционалноста на конфискацијата на имотот потребно е мерките и активностите да се насочат кон електронска поврзаност на јавното обвинителство со релевантните органи (УЈП, катастар на недвижности, други бази на податоци, КИБС и пристап до банкарски сметки и сл.); проценка на вредноста на имотот што привремено се одзема; навремено информирање на засегнатите лица при определување на мерки за привремено запирање на извршување определени финансиски трансакции; доследно почитување на правото на жалба што е уставно начело; сразмерност на замрзнувањето на банкарски сметки и заплена на имот и мерки за спречување на користењето, отуѓувањето или располагањето со имот или предмети со проценетата противправно прибавена имотна корист или нанесената штета; ефектуирање на системот за извршување на судски одлуки за вредносна конфискација и сл.

Финансиските истраги. Потребен е системски приод за спроведување на финансиска истрага и определување на нејзиниот однос со криминалистичката истрага. Имено, финансиските истраги може да претходат на криминалистичката истрага или да се одвиваат паралелно. Додека криминалистичката истрага има за цел прибавување на релевантни и законити докази за утврдување на вината на лицето односно лицата инволвирани во недозволените активности, финансиската истрага е насочена кон пронаоѓање и обезбедување докази за видот и висината на имотот, имотната корист и приносите прибавени со кривичните дела или што произлегле од нив.

Недоволна функционалност на истражни центри во јавното обвинителство. Одредбите од ЗКП и ЗЈО во однос на истражните центри, со соодветна и навремена примена, во голема мера може да го олеснат координирањето и соработката во сферата на финансиските истраги. Неопходно е соодветно екипирање и обезбедување ресурси во рамките на јавното обвинителство со што истражните центри ќе може да го дадат својот придонес во спроведувањето на финансиските истраги.

Евиденција и статистичка обработка на податоци. Воспоставување на воедначена методологија за водење на статистика во различните органи може да придонесе за поголема видливост на определените привремени мерки за обезбедување и конфискацијата на имот, олеснета анализа и изведување соодветни заклучоци.

Интероперабилност. Јавното обвинителство, правосудната полиција и органите вклучени во финансиското истражување со приклучување на Платформата за интероперабилност ги остваруваат предусловите за добивање пристап до базите на

податоци, подобрена електронска комуникација, размена на електронски податоци и документи.

Конфискација на имот и имотна корист што се наоѓа во странство. За унапредување на овој аспект од особена важност е формираната АРО Канцеларија во ЈОРСМ да биде соодветно кадровски, информатички и материјално – технички зајакната за да ги оствари целите и задачите согласно предложените законски решенија.

3. ПРЕЗЕМЕНИ ЧЕКОРИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИСТРАГИ

3.1. Заеднички насоки за финансиските истраги во Република Северна Македонија

На 7 јуни 2019 година во Република Словенија, раководители и високи претставници на органите на Репулика Северна Македонија ангажирани во спроведување на финансиски истраги или одржување на бази на податоци, односно ЈОРСМ, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, МВР, УФП, ЦУРСМ, УФР, УЈП и ЦР потпишале **Заеднички насоки за финансиските истраги во Република Северна Македонија**.

Целта на Заедничките насоки е подобрување на меѓуинституционалната соработка и размената на информации и податоци, која ќе допринесе кон зголемување на ефикасноста при спроведувањето на финансиските истраги.

Финансиските истраги, согласно овој документ, треба да се спроведуваат со почитување на човековите права на засегнатите лица и заштитата на личните податоци. Исто така се посочува дека финансиските истраги треба да бидат пропорционални, да се спроведуваат без дискриминација и да бидат оправдани со оглед на сомнежот за стореното кривично дело.

Притоа, две активности се особено важни:

- евидентирање на движењето на имотот во тек на извршување на кривичното дело и
- споделување информации со другите органи вклучени во финансиската или криминалистичката истрага за конкретното кривично дело или осомничено лице.

3.2. Предуслови за ефективни финансиски истраги

Анализата за зголемување на достапните податоци за финансиските истраги,[4] се надоврзува на Заедничките насоки за финансиските истраги во Република Северна Македонија.

[4] I.Razpotnik/N.Josifovski/F.Manevski/D.Slapar Burkat/J.Levašič, Studija izvodljivosti povećanja raspoloživosti podataka za finansijske istrage, Mednarodno razvojno sodelovanje Slovenije, 2020.

Ефективната финансиска истрага со цел конфискација на нелегален имот, претпоставува надлежните органи вклучени во финансиската истрага да имаат можност да добијат целосна финансиска слика за осомничените физички и правни лица и нивните блиски роднини и други со нив поврзани лица. Целосната слика подразбира увид во базите на податоци поврзани со сопственост на возила, мотори, пловни објекти, авиони, недвижен имот, хартии од вредност, податоци за вработување, податоци за банкарски сметки, удел на сопственост во правни лица и сл.
Сите овие податоци се наоѓаат во одредени електронски или пишани бази на податоци, со кои управуваат (ги собираат, ажурираат и обработуваат) одредени институции. Притоа, за ефикасно спроведување на дејствијата што ја чинат финансиската истрага релевантни се два аспекта:

- ***начинот*** на кој органите што спроведуваат финансиски истраги ги добиваат податоци од институциите што управуваат со базите на податоци и
- ***брзината*** на добивање на податоците.

Обемот на финансиската истрага мора да опфати истражни и аналитички активности кои се однесуваат на:

- пребарување и идентификување на имотна корист и откривање на видот, вредноста и примателот на имотната корист,
- идентификување на сите можни трансфери на имотна корист од страна на осомничени или други приматели на имотна корист кон блиски роднини или други поврзани лица и сите околности поврзани со тие трансфери,
- откривање на друг имот со кој располага сторителот на кривичното дело и примателот на имотната корист,
- откривање на околностите на дејствието и однесувањето на осомниниот или примателот на имотна корист, што би укажало на опасност дека имотната корист ќе се искористи за понатамошно инкриминирачко дејствување или дека постои специфична опасност конфискацијата на имотот да биде невозможна или отежната по завршувањето на кривичната постапка,
- финансиската истрага треба да резултира со откривање друг имот што одговара на противправно стекнатата имотна корист којшто би бил предмет на конфискација, во случај ако не се најде имотот стекнат со кривичното дело.

За успешна и ефективна финансиска истрага потребно е да се дефинира соработката која мора да подразбира насочена, координирана и ефикасна работа на органите што се занимаваат со кривични истраги и спроведуваат финансиски истраги, под раководство на јавниот обвинител. Целта е да се откријат кривичните дела и нивните сторители и да се соберат доволно докази потребни за аргументирана јавнообвинителска одлука.

3.3. Користење на Платформата за интероперабилност

Зголемено користење на Платформата за интероперабилност ќе ја олесни и унапреди меѓуресорската координација и ефективност. На веб страницата на МИОА

достапни се линкови преку кои е овозможен пристап до Платформата за интероперабилност,[5] Минималните барања за комуникацискиот клиент,[6] како и Практичните насоки за приклучување на Платформата.[7]

Евидентно е зголемување на вклучените институции на Платформата. Имено во 2016 година биле вклучени 14 јазли (клиенти за комуникација), додека во 2018 нивниот број е зголемен на 32.[8] Клиенти за комуникација претставуваат институции и/или клучни владини системи и 3 јазли што претставуваат приватни претпријатија, за вкупно повеќе од 23,4 милиони трансакции или приближно 4,6 милиони трансакции годишно. На Платформата за интероперабилност се поставени повеќе од 350 различни веб-методи.

Во наведената Анализа,[9] содржани се податоци за состојбата со поврзаноста преку Платформата за интероперабилност на одделни органи, при што со зелено се обележани органите што се меѓусебно поврзани:

	ОЈО	МВР	ЦУ	УФП	УФР	УЈП	ЦР	АКН	АВРСМ	НБРСМ
ОЈО										
МВР										
ЦУ										
УФП										
УФР										
УЈП										
ЦР										
АКН										
АВРСМ										
НБРСМ										

Според достапните податоци од МИОА,[10] на Платформата за интероперабилност се приклучени 32 институции, од кои поврзани со финансиските истраги и финансиското истражување се следниве: ЈОРСМ, МВР, ЦРРСМ, УЈП, АКН, АВРСМ, Основниот кривичен суд, Основниот граѓански суд, Управниот суд, ЦУ, УФП, УФР и АУОИ.

Достапни се вкупно 103 веб сервиси што може да се користат од страна на институциите,[11] и тоа:

---

5 https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1320.

6 https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/minimalni_tehnichki_preduslovi_za_komunikaciski_klient.pdf.

7 https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/nasoki_za_povrzuvanje_na_platformata_za_interoperabilnost.pdf.

8 I.Razpotnik/N.Josifovski/F.Manevski/D.Slapar Burkat/J.Levašič, Studija izvodljivosti povećanja raspoloživosti podataka za finansijske istrage, Mednarodno razvojno sodelovanje Slovenije, 2020. Податоци за 2018 добиени од Владата на РСМ.

9 I.Razpotnik/N.Josifovski/F.Manevski/D.Slapar Burkat/J.Levašič, Studija izvodljivosti povećanja raspoloživosti podataka za finansijske istrage, Mednarodno razvojno sodelovanje Slovenije, 2020.

10 https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1320.

11 Целосната листа е достапна на: https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1320 (посетена на 01.05.2021).

Институција	Број на достапни веб сервиси	Идентификатори
АВРСМ	21	AVRM20001-20021
МВР	11	MVR20001-20011
Основен кривичен суд Скопје	3	OSS120001-120003
Основен граѓански суд Скопје	3	OSS220001-220003
УЈП	6	UJP10001-10006
ЦУ	7	DURM20003-20005 CURM10001-10004
ЦРРСМ	12	CRM10001-10007 CRM20001-20005
Вкупно веб сервиси:	63	

Извор: МИОА, https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1320

3.4 Спроведени обуки за финансиски истраги во АСЈО

Академијата за судии и јавни обвинители како институција задолжена за спроведување на почетна и континуирана обука на судиите и јавните обвинители дава свој значаен придонес со цел одредени нови меѓународни стандарди и решенија да бидат успешно имплементирани од правните практичари. При изготување на наставните програми секогаш во фокус се новините во законодавството, но и аспекти поврзани со правилно толкување и успешна имплементација на релевантни меѓународни инструменти. Во оваа смисла, вклучени се обуки на теми поврзани со конфискацијата на имот, финансиските истраги и перењето пари и финансирање тероризам со цел постојана надградба на знаењата и зголемување на вештините на правните професионалци од јавните обвинителства и од судовите, но и претставници на други органи и институции кои се вклучуваат во обуките. Со цел искористување на компаративните искуства и добри практики, АСЈО во соработка со големиот број странски партнери со коишто соработува и проекти во коишто партиципира, секогаш се обидува да овозможи присуство на странски експерти. АСЈО има долгогодишна успешна соработка со сите релевантни инстиции како што се УФП, УФР, МП, но и со граѓанските организации кои се фокусирани на горенаведените теми.

Во периодот од 2012-2021 година, биле спроведени следниве обуки:

Тема	Број на обуки	Вкупен број учесници

	Вкупно	Самостојно од АСЈО	Странски партнери[12]	
Конфискација на имот и имотна корист	**24**	**14**	**10**	**529**
Перење пари и финансирање тероризам	**14**	**5**	**9**	**279**
Финансиски истраги	**12**	**1**	**11**	**310**
Збирни податоци:	**50**	**20**	**30**	**1118**

Извор: Податоци од АСЈО

Со оглед на фактот дека со напредокот на информатичката технологија се менуваат начините на извршување на кривичните дела, АСЈО била вклучена во реализацијата на активностите во рамките на проектот iProceed 1, чија цел била зајакнување на капацитетите на надлежните институции во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист стекната по пат на компјутерески криминал, како и превенција на перењето на пари на интернет. Во рамките на оваа соработка во период од 2018-2019 година биле организирани 9 настани на кои учествувале 123 учесници (судии и јавни обвинители, како и претставници на релевантни институции). Успешните резултати од реализацијата на овој проект придонеле за отпочнување на нов проект iProceed 2 во кој повторно АСЈО е активно вклучена.
Во рамките на вториот модул од Програмата за теоретска настава со кој се опфатени теми од областа на кривичното право, темите: конфискација на имот, кривичното дело перење пари и други приноси од казнено дело и видови финансиски експертизи кај кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и финансиски истраги се разработуваат низ вкупно 8 часа. Во реализацијата на овие часови АСЈО честопати вклучува експерти од МВР, УФП и сл.

4. ПОДАТОЦИ ЗА СПРОВЕДЕНИ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ, ИЗРЕЧЕНИ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ

4.1. Спроведени финансиски истраги во МВР

Финансиските истраги во МВР се спроведуваат од страна на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал -Единица за финансиски истраги и полициските службеници од Одделот за криминалистичка полиција.

Во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во текот на 2019 и 2020 година, пред формирањето на Единицата за финсиски истраги, финансиските истраги се спроведувале од страна на Единицата за финансиски криминал при СКИ и тоа во 3

[12] TAIEX, TAIEX/IPA, Амбасадата на САД во Скопје/OPDAT, ГИЗ, Германската фондација за меѓународна правна соработка- IRZ, УНОДК, Британска амбасада во Скопје, Британскиот совет, Совет на Европа, Амбасадата на Р. Франција.

финансиски истраги воспоставени во 2018 година во кои се опфатени 51 физичко лице и 2 финансиски истраги воспоставени во 2019 година во кои се опфатени 43 физички и 14 правни лица.

Со формирањето на Единица за финансиски истраги, во рамки на СКИ, при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, се постапувало по 5 (пет) финансиски истраги воспоставени во 2020 година во рамки на коишто активностите продолжиле и во 2021 година. Во нив се опфатени вкупно 30 физички лица и 5 правни лица, кон кои се преземаат мерки и активности за идентификување на нелегално стекнат имот. Финансиските истраги кои што се спроведуваат од страна на Единицата за финансиски истраги, се вршени согласно СОП за водење на финансиски истраги во МВР воспоставен во 2013 година.

Одделот за криминалистичка полиција во 2019 година има воспоставено десет финансиски истраги, сите за физички лица и тоа СВР Куманово (6), СВР Штип (2), СВР Струмица (1) и СВР Охрид (1). Во 2020 година воспоставени се пет финансиски истраги од кои четири од Одделот за криминалистичка полиција-Сектор за економски криминал и корупција и една од СВР Битола (над пет физички лица), додека една финансиска истрага е запрена.

4.2. Спроведени финансиски истраги во ЦУ

Во текот на 2020 година Службата за финансиски истраги во ЦУ се има вклучено во 8 случаи, при што се водат делумни финансиски истражувања.

Во текот на 2021 година Службата за финансиски истраги се има вклучено во 4 случаи.

4.3. Податоци за привремени мерки за обезбедување во кривични предмети во Основниот кривичен суд Скопје

Привремените мерки за обезбедување во најголем дел се преземаат за кривичните дела во надлежност на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое постапува пред Основниот кривичен суд во Скопје.

Бројот на определените привремени мерки за обезбедување во наведениот суд за периодот 2015-2020 година се претставени на следнава табела:

Број на поднесени поднесени барања за привремени мерки за обезбедување во Основен кривичен суд Скопје (2015 - 2020)							
Одделение	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**	**2020**	**Вкупно:**
КПП (Кривично полнолетни)	**4**	**4**	**6**	**4**	**2**	**4**	**24**

КОК ПП (Организиран криминал и корупција)	**3**	**7**	**3**	**26**[13]	**21**	**15**	**75**
						Вкупно:	**99**

Извор: Основен кривичен суд Скопје

На графиконот подолу претставени се одлуките на судот по основ на поднесените барања за определување мерки за обезбедување во 2020 година (во %), при што може да се воочи доминантниот процент на уважени барања. Во текот на 2020 година, ниту едно барање поднесено од надлежен јавен обвинител не било одбиено како неосновано.

Извор: Основен кривичен суд Скопје

4.4. Изречени мерки конфискација на имот и имотна корист

Достапните податоци, во номинални бројки, за изречената мерка конфискација на имот и имотна корист во Основниот кривичен суд Скопје за периодот 2015-2020 година, според кривичното дело, се претставени на следнава табела:

Конфискација на имот и имотна корист во период 2015-2020 година	
Вид на кривично дело	**Правосилни одлуки**
Даночно затајување (член 279 од КЗ)	**17**
Злосторничко здружување (член 394 од КЗ)	**5**

[13] Ова е официјален податок од АКМИС Системот, кога се пребаруваат предлози за привремени мерки за обезбедување на имот, но доколку се пребрува содржината на одлуките може да станува збор за предлог за привремено обзбедување на лица .

Злоупотреба на службена положба и овластување (член 353 од КЗ)	**6**
Перење пари и други приноси од казниво дело (член 273 од КЗ)	**3**
Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (член 215 од КЗ)	**2**
Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделуваање на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство (член 275-в од КЗ)	**1**
Оштетување или повластување на доверители (член 257 ст.1 од КЗ)	**1**
Трговија со малолетно лице (член 418-г од КЗ)	**1**
Вкупно:	**36**

Извор: Основен кривичен суд Скопје

Достапните податоци, во номинални бројки, од Државниот завод за статистика во однос на изречени мерки конфискација на имот и имотна корист според групите на кривичните дела за период (2017-2019), се претставени на следната табела:

Осудени полнолетни лица според групите на кривични дела и вкупно изречените мерки конфискација на имот и одземените предмети				
Кривични дела против:	**2017**	**2018**	**2019**	**Вкупно**
	Конфискација на имот			
животот и телото	**4**	**-**	**1**	**5**
слободите и правата на човекот и граѓанинот	**2**	**-**	**-**	**2**
половата слобода и половиот морал	**-**	**-**	**-**	**0**
бракот, семејството и младината	**3**	**1**	**-**	**4**
здравјето на луѓето	**2**	**6**	**9**	**17**
животната средина и природата	**1**	**-**	**1**	**2**
имотот	**16**	**19**	**25**	**60**
културното наследство и природните реткости	**-**	**-**	**2**	**2**
јавните финансии, платниот промет и стопанст	**2**	**6**	**2**	**10**
општата сигурност на луѓето и имотот	**-**	**-**	**-**	**0**
безбедноста на јавниот сообраќај	**1**	**3**	**-**	**4**
државата	**1**	**-**	**-**	**1**
службената должност	**-**	**3**	**2**	**5**
правосудството	**1**	**-**	**-**	**1**
правниот сообраќај	**4**	**4**	**3**	**11**
јавниот ред	**6**	**3**	**1**	**10**
човечноста и меѓународното право	**-**	**1**	**3**	**4**
Кривични дела од посебни закони	**1**	**2**	**-**	**3**
Вкупно:	**44**	**48**	**49**	**141**

Извор: МАКстат база, Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Од податоците евидентно е дека не е голем бројот на изречени мерки конфискација на имот и имотна корист, како и дека најголем број мерки биле изречени во постапките за кривичните дела против имотот, против здравјето на луѓето, против правниот сообраќај и против јавниот ред.

5. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2021-2023

ВИЗИЈА

Покажување дека криминалот не е исплатлив и негово сузбивање преку ефективна идентификација, финансиски истраги и конфискација на незаконски стекнат имот или имотна корист

МИСИЈА

Институционално и кадровско зајакнување на јавното обвинителство, правосудната полиција и органите што учествуваат во финансиското истражување, со нагласена меѓусекторската соработка и тимска работа, поврат на имот од странство, ефективно управување со одземен имот, интегриран и интердисциплинарен систем на обуки и градење компетенции, зголемување на транспаретноста, како и користење на предностите на интероперабилноста и пристапот до базите на податоци.

6. ПРИНЦИПИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата се заснова врз следниве принципи:

- Ефективност на финансиските истраги,
- Ефективно идентификување на имот и определување мерки за обезбедување,
- Ефективно извршување на судските одлуки за конфискација на имот,
- Почитување на уставно загарантираните права на сопственост и двостепеност при определување на привремени мерки и мерка конфискација на приноси, имот или имотна корист,
- Почитување на меѓународните стандарди и препораки во однос на спроведувањето на финансиските истраги,
- Заштита на личните податоци согласно меѓународните документи и домашната правна рамка,
- Меѓусекторска доверба, соработка и координација,
- Зајакнување на кадровските и институционалните капацитети на органите вклучени во финансиските истраги,
- Развивање и унапредување на тимската работа заради брзо и навремено постапување без преклопување на преземените активности и

- Систематски мониторинг на имплементацијата на пропишаните активности во одделните стратешки цели.

7. ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

7.1. Долгорочна цел

Ефикасни меѓуресорски координирани финансиски истраги со цел идентификување и следење на приноси, имот и имотна корист во земјата или во странство кои ќе се спроведуваат паралелно со криминалистичката истрага и ќе резултираат со определување привремени мерки со детално определен опис и процена на вредноста на имотот и имотната корист заради подоцнежна конфискација, содржана во судски одлуки со јасни, сеопфатни и прецизни диспозитиви што цел нивно ефикасно извршување.

7.2. Основни стратешки цели на Стратегијата

Долгорочната цел на Стратегијата, во контекст на претставената визија и мисија за нејзино остварување, ги обединува потребните активности преку имплементација на шест (6) стратешки цели.

1. Институционално и кадровско зајакнување на капацитетите на органите надлежни за водење на финансиски истраги

Институционалното и кадровското зајакнување на капацитетите на органите надлежни за водење на финансиски истраги се основен предуслов за ефикасни финасискиски истраги.

Во таа смисла, оваа стратешка цел ги идентификува потребите на МВР,ЦУ и УФП во неколку релевнтни области во кои се содржани активности кои треба да овозможат исполнување на целите.

Област: Казнено правна рамка за финансиски истраги и конфискација на имот

Со цел унапредување на казнено правната рамка за водење на финансиските истраги и конфискацијата на имот, се наметнува потреба од измена и дополнување на чл. 98-а од КЗ, односно проширување на каталогот на кривични дела за кои може да се примени институтот проширена конфискација, бидејќи со ограничувањето во однос на кривичните дела за кои може да се примени институтот проширена конфискација се остава можност голем нелегално стекнат имот префрлен на трети лица и понатаму да не биде предмет на истрага, мерка за привремено обезбедување, а со тоа и конфискација што повторно влијае на ефикасноста на системот за финансиски истраги.

Во процесното казнено право се наметнува потреба од измени на ЗКП во однос во однос на спроведување паралелна финансиска истрага и во однос на привремените мерки за обезбедување имот и конфискацијата на имот и имотна корист. Неопходно е законот да ја идентификува финансиската истрага како активност што се презема

паралелно со криминалистичката истрага, како и прецизирање на одредбите во однос на привремените мерки и конфискацијата на имот.

Област: Правна рамка

Во насока на подобрување на ефикасноста на финансиските истраги, потребно е да се зголемат капацитетите на институциите за водење на финансиските истраги. Еден од начините да се постигне тоа е преку одделување на процент од конфискуваниот имот кој ќе биде вратен односно задржан во буџетот на институцијата која била дел од истрагата.

Во таа смисла, потребно е дополнување на Законот за внатрешни работи со предвидување на одредба со која ќе се предвиди процент од конфискуваниот имот во постапка во која учествувало МВР да биде вратен во Буџетот на МВР. Следејќи ја истата цел, потребно е и дополнување на Законот за царинска управа со предвидување на одредба за одделување на процент од конфискуваниот имот кој ќе биде вратен односно задржан во буџетот на ЦУ.Во истиот контекст потребно е да се направи и дополнување на Законот за финансиска полиција со одредба согласно која одреден процент од конфискуваниот имот (резултат на работата на УФП) ќе биде вратен односно задржан во Буџетот на УФП.

Во однос на правната рамка на ЦУ, потребни се и измени во Законот за царинска управа во кои ќе бидат инкорпорирани пристапите на Царинската управа до поголем број на регистри на податоци од останати институции, а кои ќе овозможат побрз и полесен пристап до информации и податоци за водење на финансиски истраги.

Во овој сегмент констатирана е и потреба од донесување/ревидирање на стандардни оперативни процедури за водење на финансиски истраги од страна на наведените институции, како и нивно меѓусебно усогласување, со што ќе се создаде можност за нивно вклучување во било која фаза од меѓуинституционална истрага.Освен тоа, потребно е нивно усогласување со уредбата или СОП-от за постапување на јавните обвинители заради унифицирање на постапката за спроведување на финансиски истраги.

Област: Институционално јакнење / Материјално-техничко опремување

Анализирајќи ги материјално-техничкото капацитети на Единицата за финансиски истраги и Секторите за внатрешни работи во МВР, се забележува дека условите не се задоволителни и дел од капацитетите кои работат на проблематиката на финансиски истраги не располагаат со соодветни материјално-технички услови и опрема. Оттука, како активности за надминување на овие недостатоци се предвидени: просторно опремување на Единицата за финансиски истраги, материјално техничко опремување на Единицата за финансиски истраги во ОСОСК како и материјално техничко опремување на регионалните Сектори за внатрешни работи кои делуваат на локално ниво.

Во ЦУ исто така е детектирана потребата од материјално-техничко опремување на Службата за финансиски истраги и Секторот за контрола и истраги, во смисла на подобрување на нивните техничко-технолошки капацитети, канцеларискиот простор, мебел и канцелариската опрема.

Во однос на УФП констатирана е потребата од материјално-техничко опремување на Одделението за финансиски истраги, имајќи предвид дека вработените располагаат со

компјутерска опрема и софтверски решенија кои не ги задоволуваат потребите. Истовремено, детектиран е проблем за непостоењето на соодветен канцелариски простор.

Област: Кадровско зајакнување

Кадровското зајакнување е еден од најбитните предуслови за да може да се спроведат ефикасни финансиски истраги од страна на овие органи. Освен тоа, потребно е да се унифицираат и зајакнат критериумите за избор на кадарот кој ќе ги води финансиските истраги.

Во однос на МВР, неопходна е измена на актот за систематизација на работните места во МВР со кој ќе се утврдат построги критериуми за избор на кадар во Единицата за финансиски истраги. Од особена важност е и кадровското зајакнување на наведената единица, како и обезбедување на континуирани меѓуинституционални обуки со поддршка на домашни и странски експерти.

Во ЦУ потребно е кадровско доекипирање на Службата за финансиски истраги во Секторот за контрола и истраги, бидејќи сегашната кадровска пополнетост е недоволна, Спроведување на соодветни обуки за вработени лица се наметнува како неопходност.

Во УФП констатирана е потебата од кадровско зајакнување на Одделението за финансиски истраги. Истовремено, сите вработени во УФП, финансиски полицајци кои располагаат со основното ниво за водење на финансиски истраги треба да имаат дополнителни напредни обуки за водење на финансиски истраги, како и обуки за користење на соодветните софтверски алатки за финансиски истраги. Обуките на вработените ќе допринесат финансиските истраги да се извршуваат побрзо и воедно поквалитетно да се одговори на барањата на надлежните обвинителства.

Област: Бази на податоци и интероперабилност

Квалитетот на резултатите од финансиските истраги е во тесна врска со квантитетот и квалитетот на податоците кои што се користат при спроведување на финансиските истраги. Оттука, императив е да се овозможи што поширок пристап до државните бази на податоци за истражителите од правосудната полиција, бидејќи во моментот пристапот е ограничен само до базата на Централниот регистар преку нивниот дистрибутивен систем и преку платформата за интероперабилност до базата на Агенцијата за вработување и одредени бази од Царинската управа, а со Министерството за труд и социјална полиитика во финално разгледување е договорот за меѓусебна соработка. Овој пристап не е доволен за вршење на брзи првични проверки по однос на противправно стекнат имот и отпочнување на финансиска истрага.

Од тие причини неопходно е поврзување со базата на податоци на Агенцијата за катастар на недвижности, Централнинот регистар на население во МИОА, базите на Управата за водење на матични книги, базата на Депозитарот за хартии од вредност, базата на пловни објекти, базата за воздухоплови, базата на Управата за јавни приходи и други бази по потреба за вкрстено пребарување.

2. Меѓуресорска соработка и статистика

Помеѓу надлежните институции не постои целосна информираност и координација во спроведувањето на мерките за заплена и конфиискација. Евидентен е и недостигот од воедначена статистика или какви било други податоци поврзани со примена на налози за заплена и замрзнување/обезбедување.

Област: Систематско следење на имплементацијата на Стратегијата со Акцискиот план

Систематското следење на имплементацијата на стратегијата со Акционит план е едно од клучните прашања, со цел нивно спроведување. Во таа смисла, предвидено е формирање на Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата и АП, чии што задачи ќе бидат: мониторинг и евалуација на имплементацијата, анализа на проблеми, координирање на активностите, изработка на деловник за работа, како и изготвување на извештаи.

Област: Зајакнување на капацитетите на јавното обвинителство

Функционални, екипирани и дигитализирани истражни центри значително ќе придонесат во борбата против корупцијата и криминалот, а навременото и ефикасно процесирање на кривични пријави за дела против организираниот криминал и корупција ќе придонесе за враќање на довербата во правосудството. Истражители од различни профили ќе обезбедат брзи, транспарентни и ефикасни предистражни и истражни постапки.

Област: Навремена и ефикасна меѓусебна координација

Обединувањето на сите релевантни институции за поефикасна соработка е од особено значење на финансиските истраги. За таа цел, предвидено е унапредување и усогласување на стандардните оперативни процедури на ОЈОГОКК, Правосудна полиција, АРО, АУОИ.

Меѓуинституционалната соработка особено ќе се зајакне и унапреди и ќе има одржлива основа со основање на еден постојан мултисектори тим (МАТ) координиран од ОЈОГОКК. Во МАТ членови ќе бидат претставници од судови, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ, МП, МИОА, АСЈО, АВРСМ, ЦР, ФЗОРСМ, ФПИОСМ, Бирото за јавни набавки, КИБС. Причината за формирање на МАТ е брзо и координирано постапување при спроведување на финансиските истраги на органите надлежни за спроведување финансиски истраги и на оние вклучени во финансиското истражување на територија на Република Северна Македонија. Со вклученоста во МАТ неговите членови ќе имаат можност за навремено и целосно добивање информации за одделни финансиски истраги, планирање на потребните активности, олеснета комуникација и тимска работа, но и одбегнување на преклопување во постапувањето. Основната цел на финансискиот истражител е да го идентификува имотот за да може обвинителот да и изрече привремени мерки за обезбедување, а судот да го конфискува. Оперативниот императив значи дека истражителите и обвинителите мора да имаат непосредна и интензивна соработка. Несомено е важно изрекувањето на привремената мерка за обезбедување да се преземе пред сторителот да има можност да располага со имотот. Всушност, финансиската истрага

и замрзнувањето на средствата се еден вид „трка за успешност“ помеѓу сторителот и обвинителот. Финансиските истраги се секогаш итни и тајни и бараат истражителите и обвинителите да бидат во чест непосреден контакт. Идеален оперативен модел за остварување на оваа цел е формирањето на МАТ.

Област: Меѓуресорска координирана статистика според лице

Постои недостиг од воедначена статистика или какви било други податоци поврзани со примена на налози за заплена и замрзнување/обезбедување. Од тие причини, не може да се увиди ефективноста на режимот за привремени мерки во случаи на приноси од казниво дело. Доколку информациите се собираат и систематизираат на едно место, тоа значително ќе ја подобри координацијата и ефикасноста. За таа цел активностите предвидуват евидентирање на постапки за финансиски истраги, како и статистика за превземени привремени мерки за обезбедување и конфискација.

3. Ефективна Канцеларија за поврат на имот (АРО Канцеларија)

Постоењето на ефективна Канцеларија за поврат на имотот е од особено значење на финасиските истраги со оглед дека таа е надлежна за преземање активности во соработка со странски АРО канцеларии или странски надлежни органи, ако некоја земја сè уште нема основано АРО Канцеларија) во врска со пронаоѓањето и идентификување на приноси, друг имот или имотна корист што произлегле или се во врска со кривично дело што може да бидат предмет на привремена забрана за располагање или конфискација, размена на најдобри практики и водење статитички податоци. Размената на информациите и најдобрите практики преку АРО Канцеларијата се остварува за целите на криминалистичко или финансиско истражување помеѓу домашните правосудни органи и органите што што учествуваат во финансиското истражување или на странски правосуден орган. Оттука, предвидени се повеќе активностите насочени кон постигнување на ефективна АРО Канцеларија како стратешка цел.

Област: Правна рамка

Неопходно е донесување на законот за Канцеларијата за поврат на имот, имајќи предвид дека отсуството на правна рамка за функционалност на АРО Канцеларијата го голема мера го отежнува пронаоѓањето и идентификувањето на имотот и имотната корист што се наоѓа во странство, а и отсуствува соработка со АРО Канцелариите на странските држави преку која значително се олеснува и забрзува комуникацијата и добивањето информации.

Со Предлог - Законот за Канцеларијата за поврат на имот се уредува основањето, надлежностите, овластувањата и организациската структура на Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларија), надлежна за преземање активности во врска со пронаоѓањето и идентификување на приноси, друг имот или имотна корист што произлегле или се во врска со кривично дело што може да бидат предмет на привремена забрана за располагање или конфискација, размена на најдобри практики и водење статитички податоци. АРО Канцеларијата се основа согласно меѓународните и европските документи во однос на тела одговорни за пронаоѓање и идентификување на

приносите, друг имот или имотна корист што произлегле или се во врска со кривично дело. Канцеларијата на АРО има надлежност да презема активности за пронаоѓање и идентификување приходи и друг имот или имотна корист во земјата или странство во врска со домашен граѓанин, лице без државјанство или странец, како и за потребите на постапката за конфискација без утврдување на кривична одговорност регулирана согласно закон, што произлегле или се во врска со кривичните дела опфатени со член 8 од овој закон. АРО Канцеларијата се основа во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Како заокружување на правната рамка, предвидено е и донесување на Акт за систематизација на АРО Канцеларијата како и донесување на подзаконски акт за база на податоци.

Област: Меѓуресорска координација и соработка

5.1. Договори за пристап до бази на податоци (согласно ЗЕУЕУ) **-изготвување предлог текст** **-усогласување и финализирање на текстот со релевантната институтција**	АУОИ	АРО и органи вклучени во финанскиси истраги	Прв/втор квартал 2022	Во рамки на тековните активности на вклучените институции	-Изготвување предлог текст на договорите за пристап до базите на податоциц - Усогласени и финализирани на текстовите -Потпишани договори за пристап до базите на податоци

• **Област:** Зголемување на транспарентноста					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
6.1 Редовно објавување годишни извештаи за работа	АУОИ		Од трет квартал 2021 континуирано	Во рамки на тековните активности	- Објавени годишни извештаи најдоцна до крајот на февруари за претходната календарска година
6.2. Редовно ажурирање на веб страницата и објавување на релеватни соопштенија	АУОИ		Од трет квартал 2021 континуирано	Во рамки на тековните активности	Објавување на промени во организациска и кадровска структура Соопштенија за јавноста со цел поголема видливост на активностите на АУОИ

V. Интегриран и интердисциплинарен систем на обуки и градење компетенции					
• **Област:** Почетна, континуирана и специјализирана обука					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
1.1 Изработка на наставна програма за спроведување на почетна обука за водење односно учество во финансиските истраги односно финансиското истражување	АСЈО Центар за обука при МВР	Судии, јавни обвинителства МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ, домашни и странски експерти	Четврт квартал 2021	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	Формирана работна група Дефинирана методологија за работа Изработка на наставната програма Потпишана/прифатена наставна програма од одговорни/раководни лица/органи
1.2. Обуки според Програмата за почетна обука	АУОИ Центар за обука при МВР	Судии, јавни обвинителства МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ,	Четврт квартал 2021/континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	Обука на судии и јавни обвинители и на претставници од правосудната полиција што водат финансови истраги и од органите вклучени во финансиско истражување Обука на сите нововработени во единиците

					за водење на финансиски истраги веднаш по вработувањето Обука на членовите на МАТ веднаш по неговото формирање
1.2. Програма за континуирана обука **-измени во КЗ и ЗКП** **-примена на привремени мерки, конфискација** **- анализа на случаи** **- дигитално право (законодавството од областа на дигитализација)**	АСЈО	Јавно обвинителство и судовите	Четврт квартал 2021/континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	По четири обуки годишно за судии и обвинители од областа на организираниот криминалите По две обуки годишно за сите други судии и јавни обвинители
1.3. Програма за континуирана обука	Центар за обука при МВР	МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ,	Четврт квартал 2021/континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	Правосудната полиција и органите вклучени во финансиско истражување Обука на членовите на МАТ
1.4. Курикулум за обука за финансиски истраги и конфискација на имот (специјализирана обука)	АСЈО	Со поддршка на ГИЗ	Трет и четврт квартал 2021 Од четврт	Финансиска поддршка од ГИЗ	Изработен курикулум Обука на судии и јавни

			квартал 2021 континуирано		обвинители Обука на членовите на МАТ
1.5. Елементи на барањето за определување привремени мерки и диспозитиви на одлуки на судот за привремени мерки и конфискација на имот (специјализрана интердисциплинарна обука)	АСЈО	Јавни обвинители, судии (судечки судии и судии за извршување санкции), АУОИ	Четврт квартал 2021/континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	По две обуки годишно
1.6. Обука за изработените СОП-ови	АСЈО Центар за обука при МВР	Јавни обвинители, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	Четврт квартал 2021/прв квартал 2022	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	Обука на судии и јавни обвинители и на претставници од правосудната полиција што водат финансови истраги и од органите вклучени во финансиско истражување Обука на членовите на МАТ

• **Област:** Заштита на уставно загарантираните права					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
2.1. Обука за правилна примена на одредбите од ЗКП во однос на привремените мерки преку анализа на случаи од домашната практика	АСЈО	Судови	Од трет квартал 2021 - континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	По четири обуки годишно за судии од областа на организираниот криминалите По две обуки годишно за сите други судии
2.2. Практиката на Европскиот суд за човековите права во однос на примена на членот 1 од Протоколот 1 на Европската конвенција **- општо за гаранциите од членот 1** **- случаите против РСМ**	АСЈО	Судови	Од трет квартал 2021- континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	По две обуки годишно за сите судии

VI. Интероперабилност					
• **Област:** Анализа на постојни ИКТ ресурси и потребни технички предусловии за пристапување					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
1.1 Анализа на ИКТ ресурси во институциите	МП, МВР,	МП	Трет квартал 2021 год.	Буџет на РСМ, други	-Направена анализа на кадровски капацитети / ИКТ

- кадровски капацитети / ИКТ експерти во институциите **- технички аспекти со цел оцена на компатибилноста со потребните технички спецификации** ○ **постојна ИКТ опрема (хардверска и софтверска и лиценци)**	ЦУ, УФП, УЈП, АРО АУОИ), ЈОРМ			извори на финансирање, грантови или донации	експерти во институциите -Направена анализа на техничките аспекти со цел оцена на компатибилноста со потребните технички спецификации
1.2 Поврзување на платформата за интероперабилност **- Доставување на податоци во однос на техничката спецификација за комуникациски клиент од МИОА до релевантните органи** **- Развивање на матрица за размена на бази на податоци меѓу институциите** **- Развивање на веб сервиси** **- Пристап и поврзување со ЦР на население**	Јавни обвинители, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	МИОА	Прв квартал 2022 год.	Буџет на РСМ	-Поврзаност на органите на платформата за интероперабилност -Дефинирана процедура за развивање на веб сервиси -Обезбеден пристап и поврзување со ЦР на население
1.3 Пристап и поврзување со ЦР	Јавни	МИОА	Трет квартал	Буџет на	-Поврзаност на органите на

на население	обвинители, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ		2021 год.	РСМ	платформата за интероперабилност -Дефинирана процедура за развивање на веб сервиси -Обезбеден пристап и поврзување со ЦР на население

• **Област:** Платформа за интероперабилност, сертифицирање и развивање веб сервиси					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
2.1. Операционализација на Националната платформа за интероперабилност но однос на институциите поврзани со финансиски истраги и конфискација на имот	ЈОРСМ, Судови, Совет за ИКТ согласно Закон за Судскиот совет на РСМ, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	(Акција 21 за борба против корупција и "Агенда Европа дома") МИОА	Прв квартал 2022	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	Функционална Национална платформа за интероперабилност
2.2. Прилагодување на ИКТ системите на институциите за	ЈОРСМ, Судови,	(Акција 21 за борба против	Прв квартал 2022	Буџет на РСМ, други извори	Прилагодени ИКТ системи

примање на податоци од институциите од кои имаат потреба	Совет за ИКТ согласно Закон за ССРСМ, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	корупција и "Агенда Европа дома") МИОА		на финансирање, грантови или донации	
2.3. Сертифицирање и склучување договори со МИОА **- ISO 27001 сертификат** **- склучување договори со МИОА согласно чл. 30 од Законот за електронско управување и електронски услуги** ○ **Институции со надлежност за финансиски истраги и конфискација на имот – ОЈОГОКК, правосудна полиција, УФР, АУОИ, АРО** ○ **Институции со надлежност за бази на податоци неопходни при финасиски истраги и конфискација на имот – УЈП, ФЗОРСМ, ФПИОСМ, АВРСМ, Агенција за катастар на**	ЈОРСМ, Судови, МВР, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	МИОА	-Четврти квартал 2021 Четврт квартал 2021	Буџет на РСМ,	- Завршено сертифицирање (ISO 27001 сертификат) - Склучени договори со МИОА -Операционализација на договорите

недвижности, НБРСМ, КИБС					
2.3. Развивање на веб сервиси	ЈОРСМ, Судови, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	МИОА	- Втор и трет квартал 2022 - од трет квартал 2022 континуирано	Буџет на РСМ,	- Развиени веб сервиси - Функционална Е-размена

• **Област:** Правна рамка					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
3.1.Унапредување и функционалност на правната рамка **- Измени на ЗКП за користење на електронски документи како докази** **- Закон за безбедност на мрежи и информациски системи** **- Закон за платежни услуги и платни системи**	МП, МФ, МИОА, НБРМ		- прв квартал 2022 - четврт квартатл 2021 - четврт квартатл 2021	Буџет на РСМ	- Донесени имени на ЗКП - Донесен Закон за безбедност на мрежи и информациски системи - Донесен Закон за платежни услуги и платни системи

• **Област:** Зајакнување на капацитети за користење на интероперабилност					
Активност	**Надлежна институција**	**Вклучени институции**	**Временска рамка**	**Финансиски имликации**	**Индикатор на успешност**
4.1. Обука на ИКТ лица за пристап и користење на веб сервисите **- Еднократна ТоТ обука за институциите кои ќе го користат ИИП порталот** **- Континуирана поддршка и помош при проблеми со одржувањето на интероп, конзумирањето на податоците од интероп**	МИОА	ЈОРСМ, Судови, МВР, УФП, ЦУ, УФР, УЈП, АРО, АУОИ	Од четврти квартал 2021 континуирано	Буџет на РСМ, други извори на финансирање, грантови или донации	- Спроведени обуки на ИКТ лица за пристап и користење на веб сервисите - Спроведена ТоТ обука - Обезбедена Континуирана поддршка и помош од МИОА

АНЕКС 1 - ПОЈМОВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ

Со цел за полесно разбирање на клучните термини што се користат во оваа Стратегија, подолу се поместени дефиниции на термините, со што ќе се одбегне ризикот од недоречености, преклопувања и/или дилеми.

Финансиска истрага	Збир на истражни дејствија, чија цел е утврдување, идентификување и следење на приносите од кривично дело, нелегално стекнат имот или имотна корист, со цел определување привремени мерки за обезбедување и конфискација, како и идентификување на финансиски активности поврзани со кривично дело со цел идентификување на обемот на криминалните мрежи, терористички фондови или какви било други средства што се, или може да станат предмет на конфискација, со цел пронаоѓање докази што може да се користат во кривична постапка
Пронаоѓање и идентификување на имот	Криминалистичко и финансиско истражување со цел пронаоѓање на имотот и негово идентификување како противправно стекнат принос, имот или имотна корист што може да биде предмет на привремена забрана за обезбедување и конфискација
Паралелна финансиска истрага	Се однесува на спроведување на финансиско истражување во исто време или во рамките на кривичната истрага
Имот	Опфаќа пари или други инструменти за плаќање, витуелни средства за размена, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во хартиен или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост над имотот или интерес односно удел во таквиот имот
Принос од казниво дело	имот или корист прибавена посредно или непосредно со извршување на казниво дело, како и принос од казниво дело сторено во странство, под услов во времето кога било сторено да било предвидено како казниво дело и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Северна Македонија
Привремени мерки за	мерки што се состојат во времена забрана за користење, отуѓувањето, времено чување и обезбедување на имот,

обезбедување (анг. *freezing/seizure*)	запирање од извршувањето на одредена трансакција поврзана со готовина, депозит, виртуелни средства за размена, акции, удели, основачки влогови, хартии од вредност или друг имот врз основа на судска одлука
Трансакција	е уплата и/или исплата на готовина, уплата (прием) и исплата на депозит, размена на виртуелни средства и/или валути, пренос на средства, склучување договори, набавка и купопродажба на стоки и услуги, продажба или отстапување на основачки вложувања, купопродажба или отстапувања на акции или удели, регистрација на хартии од вредност или пренос на хартии од вредност или друг имот и друга активност која ја вршат субјектите согласно со законските овластувања
Конфискација (анг. *forfeiture/ confiscation)*	подразбира трајно одземање на имот, посредна и непосредна имотна корист од физичко или правно лице, при што имотната корист опфаќа пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, како и друг имот што одговара на вредноста на прибавената имотна корист
Бази на податоци	структурирана колекција на записи или податоци што се чуваат во електронска или пишана форма
Електронски податоци	податоци создадени во електронска форма, погодни за електронска обработка и пренос преку електронски комуникациски системи
Електронска трансакција	активност помеѓу две или повеќе страни, којашто се извршува по електронски пат
Електронски документ	содржина складирана во електронска форма, во форма на текстуални или звучни, визуелни или аудио-визуелни записи
Национален портал за електронски услуги	електронска платформа преку која се овозможува користење на електронските услуги, до која платформа се пристапува со користење на информатичко комуникациски технологии врз основа на логички поврзани процеси
Македонска информациска магистрала	Националната платформа за интероперабилност какок единствена околина за размена на документи и податоци по електронски пат која е управувана околина за стандардизирана размена на документи и податоци меѓу органите, односно

Интероперабилност	способноста на два или повеќе системи или нивните компоненти за размена на податоци и олеснување на заедничката употреба на податоци и знаење
Автентикација	електронски процес кој овозможува електронска идентификација на физичко или правно лице или кој овозможува потврдување на потеклото и интегритетот на податоците во електронска форма
Електронски потпис	збир на податоци во електронска форма кој е придружен кон или е логички поврзан со други податоци во електронска форма и кој потписникот го користи за потпишување

АНЕКС 2 - МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

Постои богата меѓународна рамка којашто е поврзана со финансиските истраги и конфискацијата на имот и имотна корист и со нив поврзани аспекти со цел спречување на организираниот криминалитет,[14] борбата против незаконската трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции,[15] борбата против корупцијата,[16] меѓународната соработка[17] и сл.

Од актите на **Советот на Европа** треба да се издвои Конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело (ETC 141),[18] којашто дава голем придонес во заштитата на имотната корист и приносите од кривичното дело, особено оние што се во ризик да бидат потрошени и оттука оваа Конвенција има двојна цел, а имено да ја олесни меѓународната соработка во врска со барање, запленување и конфискација и да се надополнат постојните

14 Конвенција на Обединетите Нации за транснационален организиран криминал, (UNTOC), Република Северна Македонија ја ратификуваше на 12 јануари 2005 година.

15 Република Северна Македаонија пристапи кон Виенската Конвенција од 1988 на 13 октомври 1993 година.

16 Конвенција на Обединетите Нации против корупција (UNCAC), Република Северна Македонија ја ратификуваше на 13 април 2007 година.

17 European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters. ETS бр. 30 од 20 април 1959 година, во сила од 12 јуни 1962 година, Република Северна Македонија ја ратификуваше на 28 јули 1999 година; Additional Protocol to the European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters. ETS бр. 99 од 13 март 1978 година, во сила од 12 април 1982 година, .Република Северна Македонија ја ратификуваше на 28 јули 1999 година; “Second Additional Protocol to the European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters.” Република Северна Македонија ја ратификуваше ETS 182 на 16 декември 2008 година.

18 “Convention on Laundering, Search, Seizure and Confiscation of the Proceeds from Crime,” Република Северна Македонија ја ратификуваше на 19 мај 2000 година.

инструменти на Советот на Европа, особено Европска конвенција за меѓусебна помош во кривичната материја, којашто не го вклучувала барањето и запленувањето на имот со цел негова подоцнежна конфискација.

Резолуцијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа 2218(2018)[19] има за цел да нагласи дека криминалот не се исплаќа, бидејќи незаконски стекнатиот имот од директно или индиректно вршење криминални дејства ги мотивира сторителите на кривичните дела, па затоа е потребно идентификувањето на вистинските сопственици, потребно е да постојат ефективни посебни истражни алатки, како што се пристап до финансиски информации што ги поседуваат други јавни органи, тајни операции и следење на банкарски сметки во реално време.

Европската унија уште од Заклучоците на Европскиот совет од Тампере во 1999 година,[20] укажува дека е неопходна соодветна правна рамка во однос на следењето, замрзнувањето, запленувањето и конфискувањето на принос од казниво дело. Како резултат на ваквите заложби донесени се повеќе документи. Рамковната одлука на Советот 2001/500/ПВР,[21] претставува прв инструмент којшто изречно ја спомнува потребата за ефективна борба против организираниот криминал преку сузбивање на перењето пари и со кој се два придонес за усогласување на пристапот на државите членки на ЕУ кон конфискацијата на приносите од кривично дело. Рамковната одлука на Советот 2003/577/ПВР,[22] го одобри начелото на заемно признавање на судски одлуки и пресуди со цел да се олесни соработката меѓу органите и судската заштита на правата на поединците,[23] а имено да ги опфати како предистражните одлуки што им овозможуваат на надлежните органи да обезбедат докази брзо и да го запленат имотот што е лесно подвижен, така и отстранување на пречки за допуштеност на законски стекнатите докази од страна на надлежни органи на една држава членка пред судовите на други ЕУ земји членки. Со оваа Рамковна одлука се утврдуваат правилата за взаемно признавање на налозите за замрзнување издадени со цел за обезбедување доказ или последователна конфискација на имот, а се наведува список на бројни кривични дела, како и начелото на двојна инкриминираност. Рамковна одлука на Советот 2005/212/ПВР,[24] има за цел да осигури дека ЕУ земјите членки имаат ефективни правила за конфискација на приносот и

---

[19] Fighting Organised Crime by Facilitating the Confiscation of Illegal Assets. Resolution 2218 (2018), 26.4.2018.

[20] Council, European, 1999. “Tampere European Council 15 and 16 October 1999: Presidency Conclusions.”

[21] Council Framework Decision 2001/500/JHA of 26 June 2001 on Money Laundering, the Identification, Tracing, Freezing, Seizing and Confiscation of Instrumentalities and the Proceeds of Crime. L 182/1, 5.7.2001.

[22] Council Framework Decision 2003/577/JHA of 22 July 2003 on the Execution in the European Union of Orders Freezing Property or Evidence. L 196/45, 2.8.2003.

[23] Council, European, 1999. “Tampere European Council 15 and 16 October 1999: Presidency Conclusions.” , став 33

[24] Council Framework Decision 2005/212/JHA of 24 February 2005 on Confiscation of Crime-Related Proceeds, Instrumentalities and Property. L 68/49, 15.3.2005.

инструментите од кривичното дело казниво со затворска казна подолго од една година. Воедно, предвидува правила дека товарот на докажување на легалноста на стекнатиот имот треба да биде врз обвинетото лице, а содржи оредби и во однос на видовите конфискација, а имено вредносната конфискација на имот и проширена конфискација. Во однос на проширената конфискација, државите членки на ЕУ се обврзани, како минимум, целосно или делумно да конфискуваат имот што му припаѓа на осудено лице за кривични дела сторени во рамките на криминална организација, којашто е дефинирана во Рамковната одлука на Советот 2008/841/ПВР,[25] а во случај кога делото е опфатено со: фалсификување евра и други валути, трговија со луѓе, олеснување неовластен влез, транзит или престојување, сексуална злоупотреба и сексуално експлоатирање на деца и детска порнографија, трговија со дрога, како и дела поврзани со тероризам. Рамковна одлука на Советот 2006/783/ПВР, има за цел да ја олесни соработката меѓу земјите членки на ЕУ во однос на заемното признавање и брзо извршување на одлуките за конфискување имот, при што начелото на двојна инкриминираност не се применува кога кривичното дело е казниво со затворска казна од најмалку три години.

Европското законодавство значително се надгради со **ЕУ Директивата 2014/42/ЕУ**,[26] во којашто акцентот е ставен на потребата за ефективна меѓународна соработка за одземање имот и меѓународна правна помош за ефективно идентификување, конфискација и повторна употреба на имотот стекнат со кривично дело. Притоа, потребно е во приноси од криминална активност да се вклучи и директната и индиректната имотна корист, реинвестирањето односно трансформирањето на директниот принос. Во оваа Директива содржани се и правила за конфискација без кривична одговорност, како и конфискација од трети лица.

Во **ЕУ Регулативата 2018/1805**,[27] се укажува дека ефективниот систем за замрзнување и конфискација е во тесна врска со функционирањето на заемното признавање на налозите за замрзнување и конфискација. Оваа Регулатива се однесува на сите налози за замрзнување и конфискација без оглед на кривичното дело, како и други налози издадени без правосилна осудителна пресуда, освен оние издадени во граѓански или управни предмети. Основната цел на оваа Регулатива е подобрување на недостатоците на постојната ЕУ правна рамка за прекугранично запленување и конфискација на приноси од казниво дело.

---

[25] Council Framework Decision 2008/841/JHA of 24 October 2008 on the Fight Against Organised Crime. L 300/42, 11.11.2008.

[26] Directive 2014/42/EU of the European Parliament and of the Council of 3 April 2014 on the Freezing and Confiscation of Instrumentalities and Proceeds of Crime in the European Union. L 127/39, 29.04.2014.

[27] Regulation (EU) 2018/1805 of the European Parliament and of the Council of 14 November 2018 on the Mutual Recognition of Freezing Orders and Confiscation Orders. L 303/01, 28.11.2018.

Директива (ЕУ) 2018/843,[28] ја надополнува Директивата (ЕУ) 2015/849,[29] и го зајакнува пристапот кон спречување на користењето на финансискиот систем на ЕУ за цели на перење пари и финансирање тероризам. Нејзината цел е да осигури поефикасен и покоординиран пристап за справување со финансиските истраги поврзани со виртуелните средства за размена со цел прикривање на трансферите од страна на сторителите на кривичните дела. Воедно, предвидува земјите членки да воспостават централни регистри за банкарски сметки во коишто ќе бидат достапни податоци за носителот на корисничка сметка и кое било лице кое го застапува корисникот, за бенефицијарниот сопственик на корисничка сметка, за банкарската сметка како и податоци за банкарскиот сеф.

Директива (ЕУ) 2019/1153,[30] утврдува мерки за олеснување на пристапот и употребата на финансиски информации и информации за банкарска сметка од страна на надлежните органи за спречување, откривање, истрага или гонење на сериозни кривични дела како и преземање мерки за олеснување на пристапот до информациите од страна на единиците за финансиско разузнавање. Воедно, оваа директива предвидува земјите членки на ЕУ да назначат барем една АРО Канцеларија која ќе биде овластена со пристап и можност за пребарување во централниот регистар на банкарски сметки за цели на спречување, откривање, истрага или кривично гонење на кривични дела.

Во однос на финансиските истраги и конфискацијата на имот, од особено значење се неколку препораки на **Работна група за финансиски акции (ФАТФ/FATF)** и тоа:[31]

- Препорака бр. 2 - Национална координација и соработка
- Препорака бр. 29 – Единици за финансиско разузнавање
- Препорака бр. 38 – Меѓународна правна помош: замрзнување и конфискација
- Препорака бр. 40 – Други форми на меѓународна соработка.

Во однос на зајакнатата меѓусекторска соработка и формирање на т.н. мултисекторсрки тимови (МАТ), ФАТФ се осврнува во Препораката бр. 30 - Одговорност на органите за спроведување на законот (*law enforcement authorities*) и на истражните органи, во спроведување на финансиски истраги и истраги за предикативните дела. Истражителите од овие органи освен истрага за основните дела треба да бидат овластени да продолжат со истрагата за какви било поврзани

---

28 Directive (EU) 2018/843 of the European Parliament and of the Council of 30 May 2018 amending Directive (EU) 2015/849 on the prevention of the use of the financial system for the purposes of money laundering or terrorist financing, and amending Directives 2009/138/EC and 2013/36/EU, OJ L 156, 19.6.2018, p. 43–74.

29 Directive (EU) 2015/849 of the European Parliament and of the Council of 20 May 2015 on the prevention of the use of the financial system for the purposes of money laundering or terrorist financing, amending Regulation (EU) No 648/2012 of the European Parliament and of the Council, and repealing Directive 2005/60/EC of the European Parliament and of the Council and Commission Directive 2006/70/EC (Text with EEA relevance), *OJ L 141, 5.6.2015, p. 73–117.*

30 Directive (EU) 2019/1153 of the European Parliament and of the Council of 20 June 2019 laying down rules facilitating the use of financial and other information for the prevention, detection, investigation or prosecution of certain criminal offences, and repealing Council Decision 2000/642/JHA, OJ L 186, 11.7.2019, p. 122–137.

31 https://www.cfatf-gafic.org/documents/fatf-40r

дела за перење пари и финансирање тероризам за време на паралелна истрага или да постои можност да го упатат случајот до друг надлежен орган за ваквите истраги.Претставници од наведените органи треба да бидат дел од национални мултидисциплински групи за спроведување финансиски истраги, за што е неопходно да имаат соодветни финансиски, човечки и технички ресурси.

АНЕКС 3 - ДОМАШНА ЗАКОНСКА РАМКА

Кривичен законик

Кривичниот законик[32] го предвидува кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, како и конфискацијата на имот и имотна корист и одземањето предмети. Од аспект на ефикасноста на финансиските истраги, се наметнува потреба од измена и дополнување на чл. 98-а од КЗ, односно проширување на каталогот на кривични дела за кои може да се примени институтот проширена конфискација, бидејќи со ограничувањето во однос на кривичните дела за кои може да се примени институтот проширена конфискација се остава можност голем нелегално стекнат имот префрлен на трети лица и понатаму да не биде предмет на истрага, мерка за привремено обезбедување, а со тоа и конфискација што повторно влијае на ефикасноста на системот за финансиски истраги.

Во март 2021 година на ЕНЕР објавен е Предлог закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Целта на Предлог законот е менување на одредени одредби од Кривичниот законик како резултат на пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права, односно во делот на одредбите кои се однесуваат на одземањето предмети, се интервенира во соодветните одредби со кои се пропишува задолжителна примена на принципот на пропорционалност при одземањето на предмети, а се лимитира само во исклучителни случаи пропишување на одредби за задолжително одземање предмети во кривичната постапка. Воедно, со измените и дополнувањата се врши и усогласување на Кривичниот законик со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право. Рокот предвиден за донесување на овие измени на КЗ е јуни 2021 година.

[32] Службен весник на РСМ бр. 37/1996, 80/1999, 48/2001, 4/2002, 16/2002, 43/2003, 19/2004, 40/2004, 81/2005, 50/2006, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018.

Закон за кривичната постапка

Согледана е потребата од измена и дополнување на Законот за кривичната постапка[33] и негово усогласување со Кривичниот законик. За таа цел од страна на Министерот за правда на Република Северна Македонија со решение бр. 21-961/1 од 01.04.2021 година формирана е работна група која веќе работи на изготување на Законот за кривичната постапка во кој соодветно ќе бидат таргетирани и инкорпорирани релевантните прашања од делот на финансиските истраги.

Во моментот не постои одредба во ЗКП со која посебно се предвидени финансиските истраги и не постои законска одредба за тоа кога е задолжително да се започне со проверки во врска со нелегално стекнат имот, со што се намалуваат можностите за примена на привремени мерки за обезбедување и конфискација соодветно. Потребна е и измена, односно дополнување на Законот за кривичната постапка со одредба во која ќе се прецизира во кои случаи, односно за кои кривични дела е неопходно спроведување и на паралелна финансиска истрага.

Закон за внатрешни работи

Со Законот за внатрешни работи се уредени внатрешните работи, општите начела за работниците во МВР, организацијата и надлежноста на Министерството, статусот и посебните должности и овластувања на работниците во Министерството, класификација на работните места, соработката и контролата на вршењето на работите во Министерството, правата и обврските од работниот однос на работниците во Министерството,материјалната одговорност, односно надоместок на штета и дисциплинската одговрност на работниците во Министерството, како и обработката на личните податоци и други податоци и евиденции кои се водат во Министерството.
Со Законот за полиција се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Законот за внатрешни работи и Законот за полиција не содржат одредби со кои експлицитно е уреден начинот на водење на финансиските истраги. Единствено во Законот за полиција, поточно во член 5 од истиот кој ги уредува полициските работи, е содржана генерална одредба дека дејствијата на полициските службеници се насочени и кон идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено кривично дело.

[33] Службен весник на РСМ бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/2018.

Закон за Царинската управа

Со Законот за Царинската управа[34] се уредува организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и управувањето со Царинската управа, царинските надлежности, класификацијата на работните места, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Царинската управа. Исто така, со овој закон се уредуваат специфичностите во правата, обврските и одговорностите на царинските службеници од работен однос, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Царинската управа.

Царинската управа[35], односно Секторот за контрола и истраги како дел од правосудна полиција, неговите надлежности и постапувања се според Законот за кривична постапка, Законот за царинска управа, Кривичниот законик. Службата за финансиките истраги е основана согласно измени во Правилникот за организација и работата на Царинската управа, како и Правилникот за систематизација на работни места во Царинската управа.

Во октомври 2019 година на ЕНЕР е ставен Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за царинската управа, чија цел е усогласување со Законот за прекршоци и доуредување на надлежности, усогласување со Законот за банките и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Се врши усогласување со Законот за банките („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/19 година), според кој документите, податоците и информациите кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности за поединечни лица и трансакции со поединечни лица, како и за депозитите на поединечни лица, за Царинската управа повеќе не претставуваат банкарска тајна која банката е должна да ја заштити и чува.

Во тек е изработка на Нов Закон за Царинска управа каде што ќе бидат вметнати и пристапите на Царинската управа до поголем број на регистри на податоци од останати институции, се со цел побрз и полесен пристап до информации и податоци за водење на финансиски истраги, како и дополнување со одредба со која се предвидува процент од конфискуваниот имот во постапка во која учествувала ЦУ да биде вратен во Буџетот на ЦУ.

Закон за Финансиската полиција

Со Законот за финасиската полиција[36] се уредува организацијата, раководењето, надлежностите, овластувањата на Финансиската полиција, правата, обврските и одговорностите на финансиските полицајци, видовите на евиденции, обработката

---

[34] Службен весник на РСМ бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016, 120/2018, 248/2018.

[35] Единицата за финансиски истраги во рамки на Царинската управа е основана во 2019 година и е дел од Секторот за контрола и истрага при Одделението за истраги.

[36] Службен весник на РСМ бр. 12/2014, 43/2014, 33/2015, 27/2016, 83/2018, 198/2018.

на личните податоци и други податоци, како и финансирањето на Финансиската полиција.

Целта на Законот е заштита на финансиските интереси на Република Северна Македонија преку откривање и криминалистичко истражување на кривичните дела перење пари и други приноси од казниво дело, недозволена трговија, криумчарење, даночно затајување, како и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност.

Со него, воедно, се обезбедува и заштита на финансиските интереси на Европската унија преку откривање и криминалистичко истражување на кривични дела поврзани со користењето на средства од програмите на Европската унија кои Република Северна Македонија ги добива од буџетот на Европската унија.

Финансиската полиција има надлежност да открива и врши криминалистичко истражување на кривичните дела: перење пари и други приноси од казниво дело, недозволена трговија, криумчарење, даночно затајување и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност, како и фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази, други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка по службена должност или по наредба на јавниот обвинител преку извршување на надлежностите во правосудната полиција согласно со закон. Таа исто така и прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела, ја следи трагата на парите со цел за откривање на казниви дела утврдени со закон, врши увид и преглед на сметководствени податоци и евиденции во компјутерски системи; врши форензичка компјутерска анализа на привремено одземени, компјутерски системи и други електронски уреди; поднесува кривични пријави до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзина надлежност; а поднесува и иницијатива за поведување на даночна и друга постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежниот орган.

Потребно е да се направи измена и дополнување во Законот за финансиска полиција со која ќе се предвиди одреден процент од конфискуваниот имот (резултат на работата на УФП) да биде вратен во Буџетот на УФП. Ваквата законска измена е со цел да се зголеми мотивираноста на вработените во Управата за финансиска полиција кои ќе водат финансиски истраги.

Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам[37] ги уредува мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам, како и работењето и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање.

[37] Службен весник на РСМ бр. 120/2018, 275/2019 и 317/2020.

Управата за финансиско разузнавање е единица за финансиско разузнавање на Република Северна Македонија, основана за целите на прибирање и анализа на извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење за спречување и откривање перење пари и финансирање на тероризам и доставување на резултатите од анализата и други дополнителни релевантни информации до надлежните органи кога постојат основи за сомневање за перење пари и финансирање на тероризам. Управата не спроведува финансиски истраги, но може да обезбеди значајна поддршка во спроведувањето на финансиски истраги кои ги водат надлежните органи.

Имено, согласно член 118 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Управата секогаш кога постојат основи на сомневање за сторено кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам, изготвува и поднесува извештај до надлежните државни органи кои одлучуваат за натамошните дејствија. Извештајот содржи сеопфатни податоци, информации и документи за лицето и дејствијата за кои постои сомневање дека се поврзани со перење пари и/или финансирање на тероризам. Исто така, кога постојат основи на сомневање за сторено друго кривично дело освен перење пари и финансирање на тероризам, Управата изготвува и поднесува известување до надлежните државни органи. Дополнително, согласно член 117 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Управата може да прибира и врши анализа на податоци по доставена иницијатива од страна на надлежните органи наведени во истиот член. За резултатите од својата анализа Управата доставува извештај или известување согласно член 118 од Законот. За целите на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Управата може да разменува податоци со кои располага во своите бази на податоци со надлежните органи по нивно образложено писмено барање или по сопствена иницијатива.

За целите на навремено обезбедување на имот кој може да биде предмет на одземање или конфискација, Управата согласно членот 119 може да издаде налог за следење на деловен однос и согласно член 120 да издаде налог за привремено задржување на трансакција.

Овој закон е усогласен со IV Директива на ЕУ (2015/849 EU). Сепак заради понатамошно усогласување со Препраките на ФАТФ, V Директива на ЕУ од 2018 (2018/843 ЕС), како и за надминување на сите значајни прашања утврдени со Националната проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, Управата подготви нов Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Управата со експертска помош обезбедена во рамки на „Проектот за борба против економски криминал – Фаза II“ имплементиран од Советот на Европа направи преглед на исполнетоста на меѓународните стандарди.

Одредбите од предложениот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам предвидуваат определени измени на воспоставениот систем на соработка со надлежните органи (МВР, ЦУ, ФП и ЈО), но истите не ја менуваат неговата суштина.

Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка

Со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка[38] се уредуваат управувањето, користењето и располагањето со привремено конфискуваниот имот, имотна корист и привремено одземените предмети, како и конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка, како и основањето, надлежноста, управувањето, раководењето и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за управување со одземен имот.

Агенцијата за управување со одземен имот во текот на остварувањето на функционалните надлежности согласно постојниот закон ги остваруваше работите поврзани со конфискување на имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Меѓутоа, со оглед на тоа дека конфискацијата е релативно нов правен институт во смисла на постоење на посебен орган кој ги врши овие правни работи, беа согледани поголем број на прашања и дилеми за кои се наметна потребата правно да се (до)уредат.

За таа цел, концептуално се изготвија анализи кои укажаа на потребата да се донесе нов Закон за конфискација во кој би се доуредиле постојните правни прашања, посебно оние кои се отворија како неуредени, како што се: имот кој е конфискуван од правни субјекти, а над кој е отворена стечајна постапка, регулирање на прашањето за конфискација на дивоградбите, прашања поврзани со заложно право над конфискуваниот имот, прашања поврзани со процена на имотот, како и други прашања со кои со новото законско решение ќе се даде одговор и правно уредување и доуредување, а воедно ќе се постигне и терминолошко унапредување и воедначување на изразите од Законот со новите измени и дополнувања на КЗ и ЗКП, при што предвид се земени и тековните предлози за измена и дополнување на овие два закони, кои што се во фаза на работни групи.

Истовремено, со новиот Закон ќе се постигне и терминолошко унапредување на одредбите во насока на хармонизирање на Законот со ЕУ Директивата за конфискација; унапредување на роковите за постапување и постапките за постапување на Агенцијата, како и поврзување на начинот на постапување на Агенцијата во однос на подзаконските акти, како постојните, така и кон дополнителните подзаконски акти кои што би требало да се донесат од страна на Агенцијата. Со донесување на новиот Закон, предвидена е и одредба Агенцијата да задржи процент од вредноста на остварениот приход од секоја продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот од страна на Агенцијата. Ваквата законска измена е со цел за потребите за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за управување со одземениот имот и мотивирање на вработените во АУОИ.

[38] Службен весник на РСМ бр. 98/2018, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014, 160/2014, 97/2015, 148/2015, 64/2018.

Донесувањето на новиот Закон е предвидено за третиот квартал на 2021 година.

Закон за даночна постапка

Законот за даночна постапка[39] се применува на даноците и другите јавни приходи како и на споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи како и на други јавни давачки, доколку истите со закон се доверени да ги управува Управата за јавни приходи.

Управата за јавни приходи (УЈП) како орган на државната управа е надлежна за утврдување, контрола и наплата на даноците и на сите други јавни давачки за кои надлежноста се уврдува со Закон или врз основа на случен договор.

УЈП континуирано и активно соработува со истражните органи во борбата против даночните измами, преку вршење на заеднички контроли, обезбедување на податоци и информации од базата на податоци на УЈП и резултати од извршени контроли од страна на УЈП кои се доставуваат на истражните органи кои понатаму се користат како доказ при водење на предистражни и истражни постапки.

УЈП при спроведување на својата надлежност нема истражни овласувања во смисла на ЗКП.

Во постапките на утврдување, контрола и наплата на даноците и другите јавни приходи се применува Законот за даночна постапка (ЗДП) како процесен закон, Законот за Управата за јавни приходи и посебните материјални закони кои ја регулираат даночната материја. За сите прашања што не се уредени со ЗДП се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка (ЗОУП).

Согласно член 76, 77 и 78 од Законот за данок на личен доход, УЈП спроведува посебна даночна постапка за утврдување на данокот на личен доход на непријавени и неоданочени приходи. Доколку во истата се утврди дека лицето поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, кои потекнуваат од доход на кои не е утврден данок или не е доволно утврден и чие потекло не може да се докаже, УЈП донесува решение за утврдување на данокот на тој доход. Основа за пресметување на данокот претставува разликата помеѓу вредноста на имотот и докажаната висина на средствата за негово стекнување. Данокот на непријавениот доход се пресметува по стапка од 70%.

Со донесувањето на новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси[40] надлежноста за водењето на постапките за испитување на имотот и имотната состојба премина на Државната комисија за спречување на корупцијата.

---

[39] Службен весник на РСМ бр. 13/2006, 88/2008, 159/2008, 105/2009, 133/2009, 145/2010, 171/2010, 53/2011, 39/2012, 84/2012, 187/2013, 15/2015, 97/2015, 129/2015, 154/2015, 23/2016, 35/2018, 275/2019, 290/2020.

[40] Службен весник на РСМ, бр. 12/2019.

Истите претходно ги спроведуваше УЈП согласно Законот за спречување на корупцијата[41] кој престана да важи со влегувањето во сила на новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Наведената законска рамка ја поставува УЈП како една од институциите која обезбедува информации потребни за органите кои согласно ЗКП ке достават информации по барање на јавниот обвинител.

УЈП раководејќи се согласно член 9 од ЗДП не обезбедува директен пристап до базите на податоци, размена на податоци се врши исклучиво согласно потпишани Меморандуми и Протоколи во кои се дефинира и начинот на размена на податоците. Исто така, Управата за јавни приходи во моментов нема техничка можност за обезбедување веб сервиси за цели на размена на податоци со институциите. Постоењето на вакви сервиси е од големо значење, бидејќи ќе и помогне и на Управата за јавни приходи во автоматизирање на дел од размената на податоци со другите институции, но истово се предвидува по воспоставувањето на нов интегриран ИТ систем.

[41] Службен весник на РСМ, бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006,10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015 и 148/2015.

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

АВРСМ	**Агенција за вработување на Република Северна Македонија**
АКН	**Агенција за катастар на недвижности**
АРО	**Канцеларија за поврат на имот *(Asset Recovery Office)***
АСЈО	**Академија за судии и јавни обвинители**
АУОИ	**Агенција за управување со одземен имот**
ЕНЕР	**Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија**
ЕУ	**Европска Унија**
ЗЕУЕУ	**Законот за електронско управување и електронски услуги**
ЗКП	**Закон за кривичната постапка**
ЈОРСМ	**Јавно обвинителство на Република Северна Македонија**
КЗ	**Кривичен законик**
МВР	**Министерство за внатрешни работи**
МИОА	**Министерство за информатичко општество и адиминистрација**
МП	**Министерство за правда**
МФ	**Министерство за финансии**
НБРСМ	**Народна банка на Република Северна Македонија**
РСМ	**Република Северна Македонија**
СОП	**Стандардни оперативни процедури**
УЈП	**Управа за јавни приходи**
УФП	**Управа за Финансиска полиција**
УФР	**Управа за финансиско разузнавање**
ФАТФ	**Оперативна група против финансиските акции (*Financial Action Task Force*)**
ЦУ	**Царинска управа**
ФПИОСМ	**Фонд за пензиско инвалидско осигурување на Северна Македонија**
ФЗОРСМ	**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**

УВМК	**Управа за водење на матични книги**
КИБС	**Клириншки интербанкарски системи**
ГИЗ	**Германско друштво за меѓународна соработка**
ЦРРСМ	**Централен регистар на Република Северна Македонија**
МАРнет	**Македонска Академска Истражувачка Мрежа**
ОЈОГОКК	**Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**